Проектот е финансиран
од Европската Унија




# ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ

Младински Совет - Прилеп

Проектот е финансиран
од Европската Унија

# „Да се слушне гласот на младите“

## Вовед

Документот со препораки беше подготвен за време на имплементацијата на проектот „Младинско учество за одржлив развој на руралната заедница“ чија цел е да се даде придонес кон подобрување на социо - економскиот развој на младите во руралните заедници.

Во позицискиот документ се вметнати препораките дадени од младите при реализација на локални иницијативи предводени од активаторите во заедницата.

Следејќи ги трендовите на младите кои што се повеќе своето слободно време го поминуваат на интернет, проектот обезбеди можност за нивно онлајн учество во детектирање на нивните предизвици и потреби. Дигиталното учество проектот го обезбеди преку иновативната алатка OPIN (https://opin.me/mk/) - Европска платформа за дигитално младинско учество која што нуди алатки преку кој што младите можат активно да се вклучат во процесите на донесување на одлуки.
За таа цел беа организирани 5 работни средби (во 5 рурални средини) од страна на младите активатори каде што младите имаа можност да ги искажат своите ставови, идеи, мислења за предизвиците и потребите со кои се соочуваат во нивните рурални средини.

Користејќи ги претходно прибраните предизвици на младите, преку процесот на дигитално учество, младите активатори организираа дополнителни 5 локални средби, со млади од 15 до 19 години, кои дискутираа и дадоа решенија се со цел **да се слушне гласот на младите во руралните средини**.

Младински Совет - Прилеп

Проектот е финансиран
од Европската Унија

# За проектот

## Општа цел

- Придонес кон подобрување на социо - економскиот развој на младите во руралните заедници.

## Специфична цел

- Зголемување на младинскиот активизам и младинското учество преку примена на Законот за младинско учество и младински политики во Општина Кривогаштани.

## Главни активности

- Формирање на јадро на младински активатори во заедницата и нивно зајакнување.
- Спроведување на локални иницијативи предводени од активаторите во заедницата.
- Средби со клучните засегнати страни во полето на млади во Општина Кривогаштани.
- Техничка поддршка на Локалната Самоуправа во примена на Законот за младинско учество и младински политики.
- Зајакнување на улогата на Локален Младински Совет на Општина Кривогаштани.
- Кампања за промовирање на младинскиот активизам и младинското учество.

## Очекувани резултати

- Зајакнати капацитети на руралните млади (мажи и жени) преку младински активизам и влијание врз креаторите на политики.
- Подобрено е учеството на руралните млади мажи и жени преку операционализација на Локалниот Младински Совет во Општина Кривогаштани.
- Зголемена информираност на младите за можностите од ангажман на младите и нивно учество.

Проектот е финансиран
од Европската Унија

# Позиција

Младинското учество во донесувањето на одлуки претставува консултативен процес кога младите активно учествуваат во општествените процеси кои се од нивни интерес. Ако сакаме да изградиме демократски, инклузивни и просперитетни општества, мора да ги вклучиме младите во процесот на донесување одлуки. Основен, почетен и клучен елемент на процесот на донесување на одлуки и демократијата е правото на глас и да бидеме гласани како уставно загарантирано право.

Младинското учество, од 2020 година, е законски регулирано со Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП), притоа важно е младите да имаат алатки, простор, можности и поддршка за учество и влијание врз одлуките, да се вклучат во активности со цел да придонесат кон развојот на заедницата.

Националните и локалните власти со поддршка на граѓанскиот сектор треба да промовираат можности и да обезбедуваат поддршка за младите.

Институциите треба да ги создадат овие можности со цел младите активно да учествуваат во донесувањето на одлуки преку формирање на Локален Младински Совет. Локалните младински совети обезбедуваат простор за младите да го пренесат своето мислење до донесувачите на одлуки на локално ниво и со тоа значително да придонесат кон демократскиот развој на локалната заедница. Учеството во донесувањето на одлуки е право кое треба да го ужива секој човек, а не привилегија која државата ја обезбедува.

Младите како динамична социјална група, имаат потреба од зголемена поддршка од страна на институциите и право на консултација во однос на прашања кои се од нивни интерес. Овозможувањето на младите директно да влијаат во процесот на донесувањето одлуки им помага да креираат позитивен однос со нивните заедници и ги прави сигурни дека услугите ќе ги задоволат нивните потреби.

Токму затоа, имплементацијата на законот за младинско учество и младински политики треба да обезбеди подобра комуникација помеѓу самите институции на локално и државно ниво како и со граѓанскиот сектор. Потребно е поголемо одвојување на средства од институциите за младински развој со цел дополнително да се влијае на младинскиот активизам за нивно посилно учество во општествените случувања.

Проектот е финансиран
од Европската Унија

# Анализа на состојбата

Еден од носечките документи кои го гарантираат правото на младинско учество во креирање на политики и донесување на одлуки кај нас е Законот за младинско учество и младински политики[1]. Согласно законот, во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон, се формираат Локални Младински Совети. Локалниот младински совет е нов предизвик кој има за цел да го зголеми учеството на младите во општината и локалната заедница. Препознавањето на младинските потреби и предизвици, нивното решавање, во соработка со самите млади и обезбедувањето соодветни сервиси за млади, го поттикнува напредокот и развојот на младите и ја зајакнува нивната улога во рамки на општеството. Токму затоа, потребно е општините да ги вклучат младите во процесот на креирање и трансформирање на локалните младински совети, но и во нивното идно функционирање, работење, како и во процесите на донесување одлуки.

Во Општина Кривогаштани, како позитивен пример може да се наведат усвојувањето на локалната стратегија за млади и формирањето на локалниот младински совет што придонесуваат за вклученост на младите во донесувањето на одлуки кои ги засегаат нив, но во општината сеуште не се отворени младинскиот центар и канцеларијата за млади.

Според теренското истражување во рамки на проектот „Потпри се на младите“[2] , младите од Пелагонискиот регион вклучувајќи ги и младите од Општина Кривогаштани, истакнуваат дека имаат потреба од различни обуки за зајакнување на капацитетите како што се обуки за работа со млади, обуки за бизнис планови и бизнис идеи, обуки за подготовка на проекти. Исто така на младите од Општина Кривогаштани за зголемување на капацитетите за организирано дејствување и продонес во локалната заедница потребен им е Локален младински совет (43%).

Немањето на социјален и културен живот, немањето можности и услови за било какви културно-уметнички настани, немањето простор каде младите ќе можат да се дружат, да се собираат и да разменуваат идеи се клучни предизвици со кои се соочуваат младите од Општина Кривогаштани, и ја наметнуваат потреба од функционирање на Локален младински совет, односно ја наметнува потребата од долгорочна финансиска и менторска поддршка за работа со младите, како и потребата за изнаоѓање на начин за да се задржат младите, да се активираат, да волонтираат и помагаат во заедницата.

---

[1] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
[2] https://mrfp.mk/images/2023/4._Izvestaj_za_potrebite_na_mladite.pdf

Проектот е финансиран
од Европската Унија

# Препораки

Во согласност со позицијата утврдена со овој документ, младите учесници во проектот „Младинско учество за одржлив развој на руралната заедница“ дефинираа препораки до креаторите на младински политики на локално ниво во Општина Кривогаштани.

Во продолжение е листа со препораки како најинтензивни барања и желби на младите:

**КРИВОГАШТАНИ**

- Изградба на стационери за кучиња скитници надвор од Кривогаштани.
- Завршување на регионалната депонија во Општина Новаци.
- Одделување буџет од Општината за асфалтирање на улиците.
- Одржување на тротоарите од страна на Комуналното Претпријатие.
- Изградба на велосипедски патеки.
- Промена и сервис на веќе постоечките улични светла.
- Обележување на веќе постоечките пешачки премини и поголеми казни за нивно непочитување.
- Поставување на џебни корпи на повеќе места во Општината.
- Отворање на објект за собирање на младите.
- Барање до МВР за отворање на одделение и спроведување на анкета со населението.
- Средување на веќе постоечкиот стадион, изградба на трибини, поставување на нови мрежи, ограда и обновување на соблекувалните.

**ОБРШАНИ**

- Да се зголеми фондот на книги во училишната библиотека.
- Да се обележат пешачки премини со цел побезбеден сообраќај за сите.
- Изградба на прифатилиште за улични животни.
- Изградба на трибини околу фудбалското игралиште.
- Реновирање на соблекувалната во фудбалското игралиште.
- Обезбедување и набавка на спортски реквизити во паркот.
- Изградба на летниковци во паркот.
- Поставување на корпи за отпад.
- Отворање Канцеларија за млади.
- Изградба на спортска сала.

Младински Совет - Прилеп

**БЕЛА ЦРКВА**

- Одржување и надоградување на веќе постоечкиот парк.
- Поправка на фудбалскиот терен и засадување трева на истиот.
- Санирање на нишалките во училишниот двор.
- Трансформација на селското бифе во кафич.

**БОРОТИНО**

- Поставување на корпи за отпад.
- Инсталација на канализацијата.
- Поставување на штедливи ламби низ селото.
- Искористување на веќе постоечкиот простор за реконструкција во парк и отворена теретана.
- Поставување на „легнати полицајци“ со цел подобрување на безбедноста во средината.

**ВРБЈАНИ**

- Отворање на Канцеларија за млади.
- Подобрување на инфраструктурата поради чести прекини во електричната енергија - соработка со енергетските компании за ажурирање и подобрување на електричната мрежа.
- Отворање на маркети и продавници - поддршка на локалните производители и земјоделци за поставување на пазар и понуда.
- Организација на редовен и платен превоз за студентите од Врбјани до универзитетските градови.

Овие препораки имаат за цел поддршка и подобрување на благосостојбата, личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите.

Проектот е финансиран
од Европската Унија

***Овој продукт е во рамките на проектот „Младинско учество за одржлив развој на руралната заедница“, спроведуван од Младински Совет Прилеп, е финансиран од Европска Унија, преку проектот „Потпри се на младите“, спроведуван од “Македонска развојна фондација за претпријатија”, „Рурална Коалиција“, „Џуниор Ачивмент“ и „ЕЛИТ- Здружение на жени менаџери Скопје. Мислењата, ставовите и содржините искажани во ова видео не ги отсликуваат ставовите донаторите, проектот, ниту на спроведувачот на истиот.***

Младински Совет - Прилеп